# ARTIFICIAL INTELLIGENCE – ARTISTIC CATHARSIS OR CATACLYSM FOR CREATIVE WRITING

**Natasha Sarafova**
"Goce Delchev" University - Shtip, North Macedonia, natasa.sarafova@ugd.edu.mk
**Marica Tasevska**
"Goce Delchev" University - Shtip, North Macedonia, marica.tasevska@ugd.edu.mk

**Abstract:** With the development of technology, human creativity has never been tested as it is now. Artificial intelligence, by collecting thoughts, questions, and data, is creating a new order in a cathartic or cataclysmic environment where the art of language acquires standardized global significance. The question arises: Can human creativity and emotions be conveyed accurately with just a click of a keyboard? In other words, ethical and spiritual purification may be reduced to an idea, the period of creation may be shortened or even altered, all in an effort to leverage new tools provided by artificial intelligence. We wonder, who owns the copyright? The author or a tool that might simultaneously transmit the text to the other side of the world? Isn't this an artistic cataclysm in creative writing? This paper will attempt to explore the positive and negative aspects of artificial intelligence in relation to creative writing.
**Keywords**: artificial intelligence, creative writing, copyright

# ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА – УМЕТНИЧКА КАТАРЗА ИЛИ КАТАКЛИЗМА ЗА КРЕАТИВНОТО ПИШУВАЊЕ

**Наташа Сарафова**
Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, РС Македонија, natasa.sarafova@ugd.edu.mk
**Марица Тасевска**
Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, РС Македонија, marica.tasevska@ugd.edu.mk

**Резиме:** Со развојот на технологиите, креативноста на човекот никогаш повеќе не била во ситуација на тестирање, вештачката интелегенција собирајќи мисли, прашања, податоци, го пишува новиот поредок на катарзична или катаклизмична средина во која уметноста на зборот добива стандардизирано глобално значење. Се поставува прашањето: дали креативноста и емоциите на човекот можат со еден клик на тастатурата да ја пренесат реалната состојба на авторот? Односно, етичкото и душевното прочистување би било сведено на идеа, периодот на творење би бил скратен а можеби и сменет, се со цел да се помогнеме со новите алатки на вештачката интелегенција. Па се прашуваме, кој е сопственик на авторските права? Авторот или некоја алатка која во истиот момент можеби го пренесува текстот на другата страна од светот? Зарем ова не е уметничка катаклизма во креативното пишување? Преку овој труд ќе се обидеме да ги разгледаме позитивните и негативните страни на вештачката интелегенција наспрема креативното пишување.
**Клучни зборови**: вештачка интелегенција, креативно пишување, авторски права

## 1. ВОВЕД

Вештачката интелигенција е дефинирачката технологија на последната деценија, а можеби и наредната. Во студијата на Филип Боучер, со наслов „Вештачката интелегенција : Како работи, зошто е важна, и што можеме да направиме во врска со тоа ?“, поддржана од Европскиот Парламентарен Истражувачки Центар, ни дава достапен преглед за тоа како функционира, зошто е важна и што можеме да направиме со предизвиците што таа ги покренува. Од најраните денови на вештачката интелигенција, нејзината дефиниција се фокусираше на способноста да добие изглед на интелигенција. Денешните дефиниции за вештачката интелигенција често вклучуваат барања како автономија и , дозволуваат интелигенцијата да биде ограничена на одредени домени. Односно, се однесува на системи кои прикажуваат интелигентно однесување преку анализа на нивната околина и преземање акција – со одреден степен на автономија – за постигнување конкретни цели (Philip Boucher,2020). Вештачката интелигенција е теорија и развој на компјутерски системи способни да извршуваат задачи кои претходно низ историјата барале човечка интелигенција, како што се : препознавање на говор, донесување одлуки и идентификување на обрасци. Вештачката интелигенција претставува чадор - термин кој опфаќа широк спектар на технологии,

вклучувајќи машинско учење, длабоко учење и обработка на природен јазик. Иако терминот вообичаено се користи за да се опишат низа различни технологии кои се користат денес, многумина не се согласуваат околу тоа дали тие всушност претставуваат вештачка интелигенција. Наместо тоа, некои тврдат дека голем дел од технологијата што се користи во реалниот свет денес всушност претставува високо напредно машинско учење што е едноставно прв чекор кон вистинска вештачка интелигенција или „општа вештачка интелигенција". Покрај многуте филозофски несогласувања околу тоа дали навистина постојат „вистински" интелигентни машини, кога повеќето луѓе го користат терминот вештачка интелигенција денес, тие се однесуваат на пакет технологии напојувани со машинско учење, како што се Chat GPT или компјутерска визија, кои овозможуваат извршување на задачи кои претходно само луѓето можеа да ги направат како генерирање пишана содржина, или анализа на податоци (What Is Artificial Intelligence? Definition, Uses, and Types | Coursera).

## 2. АВТОРСКА САМОАНАЛИЗА И НОВ ТЕРМИН – УМЕТНИЧКА КАТАКЛИЗМА ИЛИ КАТАРЗА ЗА КРЕАТИВНО ПИШУВАЊЕ

Во однос на креативноста, таа е фундаментална карактеристика на човековата интелигенција и неизбежен предизвик за ВИ. Креативноста не е посебна "способност", ниту психолошко својство ограничено на малата елита, туку. тоа е карактеристика на човечката интелигенција воопшто. Таа е заснована на секојдневните капацитети: асоцијација на идеи, потсетување, перцепција, аналогно размислување, пребарување, структуриран проблем-простор и рефлективна самокритика. Тоа вклучува не само когнитивни димензија (генерирање на нови идеи), но и мотивација и емоции, и е блиску поврзана со културниот контекст и личните фактори (Boden, 1998).

Перформансите на алгоритмите за обработка на природниот јазик постојано се подобруваат, многу аспекти на однесувањето на човечкиот јазик сега се ефективно моделирани од сегашните системи „Подобрувањата во областа на обработката на природниот јазик се корисни за генерирање литературни артефакти, но не се доволни за вистинско креативно генерирање на јазик: за да се покаже креативност, јазичните системи треба да бидат опремени со дополнителни компоненти, кои само ја имитираат употребата на човечки јазик, но се способни да произведуваат и самооценуваат креативни јазични изрази" (Van de Cruys, 487: 2020).

Застапеноста на вештачката интелигенција во популарната културата е светлосни години оддалечена од покомплексната и вообичаена реалност. Зависно од тоа како е прикажана во популарната култура и медиумите, на не - специјалистот би се простило ако ја согледува вештачката интелигенција како хуманоид - робот (со или без убиствени намери), или во најмала рака, високо интелигентен, бестелесен глас способен за беспрекорно помагање при низа задачи. Ова е не е вистинска рефлексија на нејзината сегашна способност, се справува со продорна, но често непросирна природа на вештачката интелигенција, и станува сè понеопходна за информирање на општество (Hermann, 2021).

Го поставивме прашањето: дали Вештачката интелигенција е уметничка катаклизма или пак катарза во однос на креативното пишување? Тргнувајќи од личните искуства како автори на книги со интимна лирика , направивме само-тестирање преку Chatbot-ot и виртуелен асистент/ ChatGPT. Се со цел да донесеме емоционално искуство пред предизвикот на „мотивирана креативност" или „насочена креативност". Со оглед на овие способности, очекуваме вештачката интелигенција преку механички зададените задачи да ни покаже поголема креативност или пак збунувачка информација со подредени зборови од аналогни претпоставки акумулирани во нејзината база. Во исто време, неопходен е информиран дискурс и методолошки насоки за да се идентификува примената, и да се решат предизвиците поврзани со вештачката интелигенција, предрасудите, предвидувањата, па и самата креативност која е основна одлика на човештвото . За јасна рамка на оваа цел, го измисливме терминот уметничка катаклизма или катарза базирана на вештачка интелигенција, кој се однесува на прегледи на дадени задачи преземени со помош на алатки засновани на вештачка интелигенција за еден или повеќе чекори од процесот на преглед, односно формулација на, пребарување, екстракција на податоци или анализа и толкување на готови текстови во форма на поезија.

Алатките за креативно пишување со вештачка интелигенција им овозможуваат на писателите да произведуваат интересна и без грешки содржина. Со напредни способности за обработка на јазикот, овие алатки ги идентификуваат и поправаат граматичките, интерпункциските и синтаксичките грешки, осигурувајќи дека конечниот резултат ги исполнува професионалните стандарди. Дополнително, асистентите за пишување со вештачка интелигенција нудат предлози за подобрување на вокабуларот, што доведува до поисправено и повлијателно пишување (AI-Powered Creative Writing Revolution (justdone.ai). Но, дали е важен само корпусот на литературното дело без овие грешки или "душата" на писателот? Со глобалната интеграција и унапредување на вештачката интелигенција „ задачата за отпор и заштита од

формите на технолошки сомнамбулизам, корпоративно регулаторно зафаќање и технократијата станува поитна. Овие феномени носат длабоки импликации, вклучувајќи го потенцијалното поместување на човечката креативност, реконфигурацијата на нашите агенциски капацитети и заканата за демократските процеси. Згора на тоа, тие можат да придонесат за отуѓување преку подмолни изрази на неоколонијализам и доминација" (Tsao & Nogues, 10: 2024).

Од друга страна, наидуваме на алатки за пишување со вештачка интелигенција кои го олеснуваат вашиот процес на пишување. Во исто време, постојат сериозни етички прашања и загриженост за нивните влијанија (и мудро е да се остане свесен за потенцијалот за плагијат и дезинформации).

- Автоматски генерираната идеја може да биде слаба, но може да биде основна идеја за нова приказна што можете да ја користите.
- Користете генератор за пишување AI за да ги извртувате зборовите и фразите.
- Може да добиете цитат или изрека во друга идеја. Неочекуван резултат може дури и да ве одведе по повозбудлив пат.
- Полесно проширете ги идеите : На пример, можете да користите алатки за пишување со вештачка интелигенција за да ја проширите идејата за „фабричка" поставка и повеќе да ги вклучите сетилата - што ликовите слушаат, гледаат, допираат, мирисаат.
- Најдете решение кога се чувствувате блокирани
- Може да кажете „завршете ја оваа нецелосна реченица на пет различни начини", а потоа користете го излезот за вештачка интелигенција што најмногу ви се допаѓа како почетна точка за вашата (т.е. подобра), поприродна верзија.
- Најдете синоними, рими и други сродни зборови
- Алатките за пишување со вештачка интелигенција обезбедуваат начин за менување и поврзување на збор или фраза што ја имате со друг збор побрзо отколку да користите речник.
- Наместо генератор на имиња што има еден излез, креирајте список со опции што можете да ги менувате на нишани начини (на пр. „список со имиња што почнуваат со А што значат јасност или надеж").
- Ако не ја познавате добро темата, алатките за пишување со вештачка интелигенција даваат корисна почетна точка за наоѓање поврзани термини и концепти (но внимавајте на не - цитираните или измислените наводни факти).
- Користете алатки за пишување со вештачка интелигенција за да најдете забавни потсетници за пишување на стил, концепт или за одреден жанр и да создадете надреални или сериозни опции.
- Најдете идеи за фигуративен јазик
- Метафора, алатките за пишување со вештачка интелигенција може да ви помогнат да најдете повеќе. (How Generative AI Is Changing Creative Work (hbr.org).

Креативноста традиционално е поврзана со човековата мисла и интуиција, кои произлегуваат од уникатните и посебни резултати кои таа ги генерира.

Кога Аристотел прв пат започнал да го истражува феноменот на катарзата, тој се прашувал себеси зошто публиката ужива во големите трагедии ако не оставаат да се чувствуваме тажни. Во свет каде, од различни причини, многу луѓе тешко ги изразуваат своите емоции, трагедиите ни помагаат да го направиме токму тоа. Дел од човечката состојба е дека чувствувањето на емоции е услов за живеење. Затоа, доживувањето на уметноста која ни помага да го направиме ова е позитивен процес за чистење на негативните емоции (What is Catharsis in Literature? Definition, Examples of Literary Catharsis – Woodhead Publishing). Катарзата може да се примени во било кој вид на уметност или медиум, на тој начин буди чувствува силни емоции кај публиката, како болка или тага, но на крајот води до чувство на ослободување. Во нашето истражување, не интересираше дали авторот на книжевно дело би доживеал такво ослободување ако се користи со алатките на вештачката интелегенција.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Креативното пишување се обидува да ја ангажира, едуцира и мотивира својата публика, без разлика дали преку писмена или говорна форма (L. Blanco, M. &. Agüero-Flores i M. Maitée & Mercado, 2023). Учењето на Аристотел за катарза - Никогаш не е лесно да се пристапи кон филозофските проблеми од едноставна причина што, всушност, никогаш не се занимаваме со нешто точно и јасно определливо до крај, па затоа мораме да бидеме на стража речиси цело време. Не може вештачката интелигенција да не програмира во кој момент нашата креативност ќе не обземе, креативноста доаѓа како катарзичен бран од емоции , не бира време и место, не е тоа монтирана состојба, намерно планирана. Затоа и уметничката катаклизма во

креативното пишување е неизбежна, често длабоко збунувачка , во функција на поставена задача. Самото истражување покажа потреба од понатамошна продлабочена анализа со повеќе учесници.

**ЛИТЕРАТУРА**

Hermann, I. (2021). *Artifcial intelligence in fction: between narratives and metaphors, AI & SOCIETY (2023) 38:319–329* [https://doi.org/10.1007/s00146-021-01299-6](https://doi.org/10.1007/s00146-021-01299-6).

Tsao, J., & Nogues, C. (2024). *Beyond the author: Artificial intelligence, creative writing and intellectual emancipation,* [https://doi.org/10.1016/j.poetic.2024.101865](https://doi.org/10.1016/j.poetic.2024.101865)

Landa-Blanco, M., Agüero-Flores, M., & Mercado, M. (2023). „Human vs. AI Authorship: Does it Matter in Evaluating Creative Writing? A Pilot Study Using ChatGPT," p. DOI: 10.31234/osf.io/wjsm3, March 2023

Boden, M.A. (1998). *Creativity and artificial intelligence,* Elsevier Science B.V. All rights reserved. HI: SOOO4-3702(98)00055- 1

Boucher, P. (2020). *Artificial intelligence: How does it work, why does it matter, and what can we do about it?*. Scientific Foresight Unit (STOA) PE 641.547, EPRS | European Parliamentary Research Service

Van de Cruys, T. (2020). *Artificial Intelligence and Literature,* Artificial Intelligence and Literature | SpringerLink

How Generative AI Is Changing Creative Work (hbr.org) посетено на 14.09.2024

AI-Powered Creative Writing Revolution (justdone.ai) посетено на 12.09.2024

What Is Artificial Intelligence? Definition, Uses, and Types | Coursera) посетено на 09.09.2024

What is Catharsis in Literature? Definition, Examples of Literary Catharsis – Woodhead Publishing посетено на 12.09.2024